Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Службен весник на Република Македонија бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 39/16 и 99/18), Градоначалникот на Град Скопје, на ден __________ година, донесе

**О Д Л У К А**
**за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Локален еколошки акционен план на Град Скопје 3 кој го донесува Советот на Град Скопје, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот документ Локален еколошки акционен план на Град Скопје 3 се определуваат Министерството за животна средина и просторно планирање и општините во градот Скопје.

3. За планскиот документ Локален еколошки акционен план на Град Скопје 3 за чија изработка е одговорен Градоначалникот на Град Скопје, а го донесува Советот на Град Скопје, донесувањето на планскиот документ Локален еколошки акционен план на Град Скопје 3 ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијанијата на Локалниот еколошки акционен план на Град Скопје 3 врз медиумите на животната средина воздух, вода, почва и биодиверзитет.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Град Скопје на следната веб адреса: **www.skopje.gov.mk**

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Градоначалникот на Град Скопје во рок од 15 дена од објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 08-2367/1
Скопје, 04.03.2020

Градоначалник на Град Скопје

**Петре Шилегов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · ГРАД СКОПЈЕ · СКОПЈЕ · QYTETI I SHKUPIT · SHKUP · REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Правен основ за донесување на оваа одлука е член 65 став (6) од Законот за животната средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18). Текстот на одлуката е изготвен во согласност со Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена (Службен весник на Република Македонија бр. 122/11).

**Формулар за потребата од спроведување на стратегиска оцена**

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Локален Еколопки Акционен План ЛЕАП 3 за Град Скопје |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Град Скопје |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Град Скопје |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | 1. Цветанка Икономова- Мартиновска<br>2. Љиљана Childs Ончевска – Наџинска |
| Назив на работното место | 1. Раководител на Секторот за заштита на животната средина<br>2. Помошник раководител на Секторот за заштита на животната средина |
| Контакт податоци за лицето | Тел: +389 2 3297 301 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ?** |
| Согласно Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), активностите за планирање на заштитата на животната средина се реализираат преку изготвување на Национален акционен план за животна средина (НЕАП) и локални акциони планови за животна средина (ЛЕАП-и).<br>Изработката на ЛЕАП за Град Скопје како стратешки документ за планирање на заштитата на животната средина на локално ниво е обврска на Градот Скопје согласно член 60 од Законот за животната средина. |
| **Дали се донесува нов плански документ или се врши измена на постојниот?** |
| ДА / НЕ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување** |
| ЛЕАП 3 претставува нов документ кој се изработува поради изминување на шест годишната валидност на претходниот ЛЕАП 2 на Град Скопје |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животната средина. Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |

| |
|---|
| Да, ЛЕАП-от е плански документ за кој задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето. Од областите определени со член 65 став 2 за кои се спроведува стратегиска оцена на животната средина, ЛЕАП-от спаѓа во: просторното и урбанистичкото планирање и користењето на земјиштето. |
| **Дали планскиот документ е определен со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен.** |
| **ДА** / НЕ<br>Член 3, точка 14 |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| НЕ |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животната средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| НЕ |
| **Да се наведе целта на донесувањето на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Главните цели на процесот на изработка на ЛЕАП се:<br>▪ Проценка на состојбите со животната средина на локално ниво;<br>▪ Дефинирање, проценка и поставување на проблемите од областа на животната средина, базирани на ризикот за човековото здравје, екосистемите и генерално квалитетот на животот;<br>▪ Развивање на стратегии и активности за намалување на ризиците по животната средина во Градот;<br>▪ Зголемување на јавната свест и одговорност за заштита на животната средина и зголемување на поддршката од јавноста за инвестициите од областа на животната средина во Градот.<br>Изработката и усвојувањето на ЛЕАП носи голем број придобивки, како за локалните власти, така и за јавните институции, стопанскиот сектор, невладиниот сектор и секако најмногу за граѓаните. Позначајни очекувани долгорочни придобивки се:<br>▪ Зголемена јавна свест за прашањата поврзани со животната средина во Градот;<br>▪ Успешно развиени стратегии за решавање на проблемите од областа на животната средина.<br>▪ Создадени услови и локални капацитети за идни инвестиции за решавање на проблемите од областа на животната средина во Градот. |

**Предмет на планскиот документ.**

Заштита на животната средина

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

Локалниот еколошки акционен план се донесува за период од шест години од денот на неговото донесување и содржи среднорочни основи на политиката за заштита на животната средина во град Скопје

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање на колку години?**

Локалниот еколошки акционен план се ревидира на секои шест години, по истекот на предвидениот период

**Простор или област опфатени со планскиот документ:**

Подрачјето на Градот Скопје и неговите 10 општини . Во продолжение е дадена карта на областа.



Карта на град Скопје

| | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Целите и/или предлог што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ? | • | |
| Дали е приложена копија од целите? | • | |

**Резиме на влијанијата врз животната средина**

**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали одредени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.**

**Потенцијални влијанија врз животната средина од планскиот документ.**

Севкупните влијанија од ЛЕАП-от како плански документ се позитивни во однос на животната средина во град Скопје. Спроведувањето на ЛЕАП 3 на град Скопје ќе резултира со:

- Информирана јавност за постојните проблеми од областа на животната средина во градот,
- Подигната јавна свест за заштита на животната средина во сите сегменти,
- Создадени услови и локални капацитети за идни инвестиции за решавање на проблемите од областа на животната средина,
- Зголемен број на успешно реализирани проекти и иницијативи за решавање на проблемите од областа на животната средина,
- Воспоставена структура за соработка помеѓу секторите во град Скопје,
- Развиена соработка меѓу градот и јавните претпријатија, општините, научните установи, бизнис заедницата.

| | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;** | ЛЕАП-от има за цел да ги дефинира стратешките цели за заштита на животната средина и да ги одреди најважните програми и проекти кои ќе овозможат ефикасна заштита на животната средина и природата паралелно со обезбедување на економски развој и поефикасно искористување на претпристапните фондови на ЕУ.<br>Времетраењето на ЛЕАП-от е за 6 години, по што ќе се изработи нов .<br>Економскиот и социјалниот развој во иднина треба да се заснова на одржливо користење на природните ресурси и рамномерен развој на урбани и рурални области. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето; | Имплементацијата на мерките ќе предизвика позитивно влијание врз животната средина и животот и здравјето на луѓето |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Ризиците може да бидат предизвикани од природни катастрофи како земјотреси и поплави и од несреќи како резултат на хаварии на производните инсталации, особено од хемиската индустрија. |

| | |
|---|---|
| | Во ЛЕАП-от се предвидуваат овие влијанија и се даваат препораки за нивно намалување во согласност со надлежностите на град Скопје. |
| Опсег на просторниот обем на влијанијата (географска област и големина на популацијата која ќе биде засегната). | Влијанијата од реализацијата на планскиот документ ќе ја опфатат површината на планскиот опсег која изнесува 571.46 $km^2$. Засегнатата популација е околу 506.926 жители. |

**Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се**: Преку согледување на состојбите и можностите, планот треба да создаде насоки за развој на нови тенденции кои ќе овозможат одржлив урбан развој, при што треба да се земат предвид следните елементи на зелената економија: зелен раст, зелени работни места, зелени јавни набавки, ефикасно управување со ресурсите, циркуларна економија и нештетни технологии, еко иновации, социјални иновации и претприемништво и други мерки на зелената политика.

**Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесувањето на планскиот документ**:

Областа со реализација на ЛЕАП документот ќе добие зголемена вредност од аспект на одржливо користење на природните ресурси и рамномерен развој на урбани и рурални области

| | |
|---|---|
| Посебни природни карактеристики или културно наследство; | Во границите на планскиот опфат егзистира едно заштитено подрачје на природата и повеќе споменици на културата, додека пак вон планскиот опфат, во непосредна близина на градот Скопје, постојат две природни заштитени подрачја и многубројни репрезенти на културното наследство<br><br>Покрај националниот систем на заштитени подрачја, во Скопскиот Регион се идентификувани и други меѓународно значајни подрачја (едно значајно подрачје за птици, четири значајни подрачја за растенија, едно значајно подрачје за пеперутки и три емералд подрачја). |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или гранични вредности; | Најизразени надминувања се бележат во квалитетот на воздухот особено во зимскиот период (надминување на граничната вредност на ПМ 10). Изразено е згадувањето на почвата со тешки метали во 3 области на градското подрачје (ОХИС, Железарница, Цементарница), како и загадување на подземните води (Драчево, |

| | |
|---|---|
| | Лисиче). Донесувањето на ЛЕАП -от како плански документ се очекува да има позитивно влијание врз квалитетот на животната средина, квалитетот на површинските и подземните води, амбиентниот воздух, квалитетот на почвата и управувањето со отпадот. |
| Интензивна употреба на земјиштето; | Зголемениот интензитет на пренамена на земјиштето за градба оди на штета на јавните зелени површини и намалување на земјоделското земјиште во непосредната околина на градот.<br><br>ЛЕАП-от треба да ги обработи чинителите на развојот и нивното влијание врз животната средина. Урбанизмот и просторното планирање, со посебен акцент на одржливото користење на земјиштето, негативните ефекти од преизграденост на делови од градот, ефектите од легализацијата на бесправно изградените објекти и степенот на нивна понатамошна опременост со инфраструктура и уреденост, можностите за сеуште неискористениот потенцијал на локалитетите идентификувани како brownfield локалитети, можностите и потребите од развивање на урбано фармерство, односно урбани градини и сл., се само дел од темите чија цел подобрување на состојбата со користење на земјиштето во град Скопје. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | ЛЕАП-от ќе има позитивно влијание врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. |

**Објаснете степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

ЛЕАП-от треба да ги обработи чинителите на развојот и нивното влијание врз животната средина, преку обработка на состојбите, трендовите на развој и влијание, постојната регулатива и институционалната рамка за управување, достигнатите технички и технолошки стандарди и постоечки мониторинг во следните области:

- урбанизмот и просторното планирање, со посебен акцент на одржливото користење на земјиштето, негативните ефекти од преизграденост на

делови од градот, ефектите од легализацијата на бесправно изградените објекти и степенот на нивна понатамошна опременост со инфраструктура и уреденост, можностите за сеуште неискористениот потенцијал на локалитетите идентификувани како brownfield локалитети, можностите и потребите од развивање на урбано фармерство, односно урбани градини и сл.,

- стопанството (индустрија, енергетика и енергетска ефикасност, земјоделство, шумарство и туризам со акцент на еко туризам),
- сообраќајот, услови за одвивање на сообраќајот, јавниот транспорт, велосипедскиот сообраќај, посебен осврт кон одржливата урбана мобилност.

ЛЕАП-от има за цел да ги дефинира стратешките цели во областа на заштитата на животната средина и да ги одреди најважните програми и проекти кои ќе овозможат ефикасна заштита на животната средина, брз социјален и економски развој, престанок на миграцијата и поефикасно искористување на претпристапните фондови на ЕУ.

**Објаснете ја околината во близината на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина:** Реализацијата на ЛЕАП на град Скопје ќе има влијанија врз животната средина на граничните подрачја кои се наоѓаат вон границите на опфатот, а се во непосредна близина на индустриските и стопанските зони како и на заштитените природни подрачја кои граничат со просторот.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одрживиот развој**:

**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одрживоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**

Преку согледување на состојбите и можностите, ЛЕАП-от треба да создаде насоки за развој на нови тенденции кои ќе овозможат одржлив урбан развој. Исто така треба да ги одреди приоритетните задачи и да ги идентификува проектите за задоволување на целите, како и условите за примена на најповолните стопански, технички, технолошки, економски и други мерки за одржлив развој и управување со животната средина.

ЛЕАП-от треба да ги обработи чинителите на развојот и нивното влијание врз животната средина, преку обработка на состојбите, трендовите на развој и влијание, постојната регулатива и институционалната рамка за управување, достигнатите технички и технолошки стандарди и постоечки мониторинг во следните области:

- урбанизмот и просторното планирање, со посебен акцент на одржливото користење на земјиштето, негативните ефекти од преизграденост на делови од градот, ефектите од легализацијата на бесправно изградените објекти и степенот на нивна понатамошна опременост со инфраструктура и уреденост, можностите за сеуште неискористениот потенцијал на локалитетите идентификувани како brownfield локалитети, можностите и потребите од развивање на урбано фармерство, односно урбани градини и сл.,
- стопанството (индустрија, енергетика и енергетска ефикасност, земјоделство, шумарство и туризам со акцент на еко туризам),
- сообраќајот, услови за одвивање на сообраќајот, јавниот транспорт, велосипедскиот

сообраќај, посебен осврт кон одржливата урбана мобилност.

Еден од приоритетите на ЛЕАП-от е да направи анализа на можностите на Град Скопје да стане Зелен град и потребните политики, мерки и активности што треба да се реализираат за да бидат задоволени условите за влегување на листата на Зелени градови.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Објаснете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност:** Загадувањето на амбиентниот воздух, подземните и површинските води, почвата, бучавата, отпадот, заштитата на природното и културно наследство. Најсериозен еколошки проблем за градот Скопје претставува загаденоста на воздухот со ПМ 10 особено во зимскиот период кое е предизвикано од мобилните и стационарните извори на загадување.

Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена:
Имплементацијата на планскиот документ ќе биде во корелација со локалните, регионалните, националните и меѓународни документи со цел да бидат постигнати целите и нивните барања. Меѓу нив се:

- Просторниот план на РСМ
- ГУП на град Скопје
- Просторен план на Скопски регион
- Национална стратегија за Механизмот за чист развој (2008-2012);
- Национална стратегија за одржлив развој (2009-2030);
- Стратегија за води на Република Македонија (2011-2041);
- Национална Програма за земјоделство и рурален развој (2013-2017);
- Национална стратегија за биолошка разновидност со акционен план, 2015
- Национална стратегија за заштита на природата, 2017- 2027
- Стратегија за обновливи извори на енергија во Република Македонија до 2020 година;
- Национална стратегија за управување со отпад (2008-2020);
- Стратегија за регионален развој на Република Македонија (2009-2019);
- Национална транспортна стратегија (2007-2017);
- Национална стратегија за одржлив развој (2009- 2030);
- Стратегија за развој на енергетиката во Република Македонија за периодот 2008-2020, со визија до 2030 година
- Стратегијата за искористувањето на обновливите извори на енергија во Република Македонија;
- Втор Национален Еколошки Акционен План на Република Македонија (2006);
- Национален План за управување со отпад (2009-2015);
- План за управување со отпад на Скопски Регион
- Национален акциски план за борба против опустинување во Република Македонија 2017-2023;
- Национален Акционен план за ратификација и спроведување на Протоколот за тешки метали, Протоколот за POPs и Гетебуршкиот протокол кон Конвенција за далекусежно прекугранично загадување на воздухот (2010 година)
- Национален план за заштита на амбиентниот воздух (2013-2019);
- Национален план за заштита на амбиентниот воздух во Република Македонија (2013 – 2018 година);

- Национален акциски план за борба против опустинување во Република Македонија 2017-2023
- Трет национален план за климатски промени
- Стратешки план за локален економски локален развој на град Скопје
- План за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух на подрачјето на агломерацијата на Скопски регион 2017
- План за унапредување на велосипедскиот сообраќај 2019 – 2021
- Стратегија за климатски промени - Отпорно Скопје 2017
- План за енергетска ефикасност на град Скопје за 2019 година
- План за управување со отпад на град Скопје ЗА 2016-2020 ГОДИНА
- ЛЕАП 2 на град Скопје 2012-2018
- План за управување со паркот на природата Гази Баба 2020
- Здравствен профил на град Скопје 2020

Целите на ЛЕАПот со целите на горенаведените документи во целост ќе бидат опфатени во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ:**

Постапка за стратегиска оцена на животната средина е водена за:

- ГУП на град Скопје
- Национална стратегија за биолошка разновидност со акционен план, 2015
- Национална стратегија за заштита на природата, 2017- 2027
- План за управување со отпад на Скопски Регион
- Стратегија за развој на енергетиката во Република Македонија за периодот 2008-2020, со визија до 2030 година;

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за ЛЕАПот ќе биде во синергија со нив.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесувањето на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза: (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

При спроведување на предвидените мерки од ЛЕАП-от за град Скопје дел од активностите ќе биде потребна подготовка на план или проект за кои ќе се изработуваат: извештаи за стратегиска оцена за животната средина, студии за оцена на влијанието на проектот врз животната средина или елаборат за заштита на животната средина на ниво на проектна документација, барања за А или Б дозволи за интегрирано спречување и контрола на загадувањето, со посебен осврт на анализите кои се однесуваат на населението (социоекономски аспект), здравје на населението, воздух и клима, почва, вода и биодиверзитет, природно и културно наследство, материјални добра, почва, отпад, бучава и сл. Сите можни влијанија ќе се анализираат во подготвителна,

| | |
|---|---|
| конструктивна,оперативна и постоперативна фаза и ќе се предвидат мерки за нивно намалување или избегнување.<br><br>Позитивната законска регулатива обврзува на усогласеност на ДУП со ГУП што го контролира Градот Скопје за плановите кои ги носат општините во градот Скопје. | |
| ИЗЈАВА | Потврдуваме дека информациите дадени во овој формулара се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кое го носи планскиот документ | **Градоначалник на Град Скопје**<br><br>Петре Шилегов |
| Датум<br><br>**02.03.2020 година**<br><br>**Скопје** | М.П. |